Врз основа на член 26 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 07/08 и 67/10), и Одлуката за распишување на јавен конкурс за давање на концесија за стопански риболов на рибите од риболовното подрачје Дојранско Езеро бр 51-3794/1 од 13 јули 2010 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 100/10), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува

**Јавен конкурс**
**за давање на концесија на рибите за стопански риболов**
**на риболовното подрачје Дојранско Езеро**

## *I ПРЕДМЕТ*

Предмет на јавниот конкурс е давање на концесија на рибите од риболовното подрачје Дојранско Езеро за стопански риболов.

Рибите од риболовното подрачје Дојранско Езеро се даваат на концесија за стопански риболов за период од шест години.

## *II ПРАВО НА УЧЕСТВО*

Право на поединечно учество на конкурсот имаат домашни и странски правни лица кои ги исполнуваат следните услови:

- се регистрирани за дејност рибарство;
- имаат вработено најмалку едно лице со високо образование од областа на природните науки (рибарство) или склучен договор за соработка со научна или образовна установа од областа на рибарството и
- располагаат со минимум опрема потребна за вршење риболов утврдена во риболовната основа.

## *III ВИСИНА НА НАДОМЕСТ НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ*

Висината на надоместокот за концесија на рибите од риболовното подрачје Дојранското Езеро за изведување на стопанскиот риболов за шест години изнесува минимум 7.980.000,00 (седум милиони деветстотини и осумдесет иљади) денари или 1.333.000,00 (еден милион триста и триесет иљади) денари на годишно ниво.

Концесијата се плаќа на шест еднакви годишни рати од кои првата рата се плаќа со потпишување на договорот.

## *IV ПОСТАПКА И КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР*

Постапката за избор на најповолен понудувач ќе се спроведе и доколку на конкурсот конкурира само едно правно лице.

Постапката за јавен конкурс за давање на рибите на концесија ја спроведува комисија формирана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Комисијата ја подготвува тендерската документација во рок од седум дена од денот на објавување на јавниот конкурс и истата ќе може да се подигне од архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Критериуми за избор на најповолен понудувач се:

| | | |
|---|---|---|
| - | висина на понуден надомест за концесија | 70 бодови |
| - | седиште на правно лице | 10 бодови |
| - | број на вработени | 10 бодови |

- предлог план за инвестиции 10 бодови.

Начинот на бодирање на критериумите за избор ќе биде содржан во тендерската документација.

## *V НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ*

Понудите заедно со потребната документација се доставуваат до Владата на Република Македонија преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Понудата се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од страна на одговорното лице на понудувачот.

Заинтересираните правни лица кон понудата на овој конкурс треба да поднесат писмени докази за исполнување на условите од точка 2 на овој конкурс, предлог план за вршење стопански риболов и предлог план за инвестиции на риболовното подрачје Дојранско Езеро. Кон понудата се доставува тековна состојба на понудувачот издадена од Централен регистар. Потребната документација се доставува во оригинал или фотокопија заверена на нотар.

Понудата со потребната документацијасе доставува во затворен плик преку пошта на адреса: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ул. Јуриј Гагарин бр. 15 1000 Скопје или со предавање во архивата на министерството секој работен ден од 9,00 до 15,00 часот. Пликот не смее да има никакви ознаки и/или податоци за субјектот кој конкурира. На предната страна на пликот во горниот агол пишува “НЕ ОТВОРАЈ”, а во средината “за Јавен конкус за давање на концесија на риби”. Пликоата на кои ќе има било какви ознаки и/или податоци и понудите кои не ја содржат потребната документацијанема да ги содржат бараните податоци на овој јавен конкурс, ќе се сметаат за некомплетни и нема да се разгледуваат.

Тендерската документација може да се подигне во архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Тел. ++389 2 3 144 477

## *VI РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ*

Крајниот рок за доставување на понудите со потребната документација е 52 дена од денот на објавување на јавниот конкурс вклучувајќи го и денот на објавувањето. Понудите кои нема да бидат доставени во предвидениот рок нема да бидат разгледувани.